МАПАС

# Е - МАПАС
# бр. 3

април 2013 година

Следете не и на: [http://www.facebook.com/MAPAS.MK](http://www.facebook.com/MAPAS.MK)

## КОИ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД?

Лицата кои се вработени за прв пат по 1 јануари 2003 година задолжително мора да се зачленат во еден од задолжителните пензиски фондови и можат во рок од три месеци од датумот на нивното прво вработување да изберат во кој фонд ќе членуваат со потпишување на договор за членство. Доколку во овој рок не потпишат договор за членство, по метод на случаен избор ќе бидат распределени како членови во еден од пензиските фондови.

**ВАЖНО: Едно лице во исто време може да биде член само во еден задолжителен пензиски фонд и во тој задолжителен пензиски фонд може да има само една сметка.**

*ПРИМЕР :*



- Јана се вработила прв пат на 1 април 2013 година и е задолжителен член на вториот столб
- Јана треба да избере во кој задолжителен пензиски фонд (од втор столб) ќе членува, во рок од 3 месеци (до 1 јули 2013 година)
- Доколку направи избор таа треба да потпише договор со агент на пензиско друштво
- Доколку Јана не потпише договор, таа се распределува во еден од задолжителните пензиските фондови по метод на случаен избор

*Подготовката за старост треба да започне најдоцна во тинејџерските денови.*

*Животот кој до 65-та година нема дефинирана цел нема одеднаш да стане исполнет со пензионирањето.*

*Артур Морган*

*Без штедење, тешко се расте.*

*Мустафа А. Ајсан*

*Како за секој успешен потфат така и за пензионирањето основата е во доброто планирање.*

*Ерл Најнтингејл*

## КОИ СЕ ДОБРОВОЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД?

Лицата кои се првпат вработени пред 1 јануари 2003 година се доброволни членови на задолжителен пензиски фонд и зачленувањето е нивни личен избор и нивна одлука.

Доколку овие лица во периодот на зачленување (20 септември 2005 год – 31 декември 2005 год) не биле во работен однос, имаат право на доброволен избор за членство во задолжителен пензиски фонд, во рок од три месеци сметано од датумот на повторното вработување. Доколку го пропуштат овој рок, нема да бидат во можност да станат членови на задолжителен пензиски фонд.

На лицата кои имаат регулиран работен стаж до моментот на зачленување, само 5 до 7 години од работниот стаж до моментот на зачленување во вториот столб ќе им бидат признаени при пресметување на делот од пензијата што ќе го добијат од Фондот на ПИОМ.

**ВАЖНО: Лицата кои имаат повеќе од 10 години регулиран работен стаж до моментот на зачленување треба сериозно да размислат дали да се зачленат во еден од задолжителни пензиски фондови, бидејќи голема е веројатноста зачленувањето да биде на штета на висината нивната идна пензија.**

## КАКО ДА СЕ ОДБЕРЕ ПЕНЗИСКИ ФОНД?

Во моментов постојат две пензиски друштва кои управуваат со по еден задолжителен пензиски фонд:

- Акционерско друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови – НЛБ Нов Пензиски фонд, Скопје и
- КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје.

За повеќе информации за нивното работење и полесен избор меѓу двете пензиски друштва можете:

- да ги посетите нивните веб страни:

  www.npf.com.mk и www.kbprvo.com.mk
- да ги разгледате нивните финансиски извештаи од работењето, инвестиционите стратегии и остварениот принос, како и надоместоците кои ги наплатуваат;
- да дознаете какви услуги нудат на своите членови и каков углед имаат друштвата;
- да ја посетите веб страната на МАПАС : www.mapas.gov.mk

Двете пензиски друштва имаат обврска да се грижат за своите членови преку континуирано инвестирање на нивните средства и редовно известување на членовите за состојбата на нивните сметки и портфолиото на пензискиот фонд.



Пензиските друштва имаат фидуцијарна должност да работат единствено во корист на интересите на членовите, која треба да ја спроведува со примена на високи стандарди на етика и интегритет и без конфликт на интереси.

## ОСИГУРЕНИЦИТЕ КОИ ИМААТ БЕНИФИЦИРАН СТАЖ И РАБ ОТАТ ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ ДОМОВИ И ВОСПИТНО ПОПРАВНИ ИНСТИТУЦИИ НЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ЧЛЕНОВИ НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД



Осигурениците кои имаат бенифициран стаж и кои работат во Министерството за одбрана, Министерство за внатрешни работи, казнено-поправни домови и воспитно-поправни установи, се исклучени од учество во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување бидејќи членувањето во задолжителен пензиски фонд не е во нивен интерес.

На 09.08.2012 година стапи во сила Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кој се продолжи рокот за осигурениците со бенифициран стаж да можат да бараат поништување на членството.

Роковите согласно кои овие осигуреници можат да бидат исклучени од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување се следните:

- лицата кои станале членови на задолжителен пензиски фонд и се стекнале или ќе се стекнат со бенифициран стаж по стапувањето во сила на овој закон ( 09.08.2012 година ) можат во рок една година да поднесат барање до МАПАС за поништување на нивната регистрација како членови на задолжителен пензиски фонд. Овој рок започнува да тече од датумот на стекнување со бенифициран стаж.

- лицата кои станале членови на задолжителен пензиски фонд и кои се стекнале со бенифициран стаж пред стапувањето во сила на овој закон (09.08.2012), можат најдоцна до 09.08.2013 година да поднесат барање до МАПАС за поништување на нивната регистрација како членови на задолжителен пензиски фонд.

На веб страната на МАПАС е поставен урнек на барање кој може да се пополни и испрати. Доколку овие осигуреници во законскиот рок се обратат до МАПАС со вакво барање и одлучат да преминат во едностолбниот систем, средствата што се акумулирани на нивната сметка во задолжителниот пензиски фонд ќе им бидат префрлени во Фондот на ПИОМ.

Во врска со ова прашање МАПАС оствари соработка со Министерството за внатрешни работи во насока на информирање на овие осигуреници од страна на надлежните служби, заради запазување на законските рокови и навремено доставување на барање за поништување на регистрација во задолжителен пензиски фонд до МАПАС. Како резултат на оваа соработка, до МАПАС само во првиот квартал од 2013 година се поднесени вкупно 38 барања за поништување на регистрација од Регистар на членови од осигуреници кои имаат бенифициран стаж.

## ДАЛИ ДОГОВОРОТ ЗА ЧЛЕНСТВО МОЖЕ ДА СЕ РАСКИНЕ?

Кога прв пат потпишувате договор за членство во задолжителен пензиски фонд имате право во рок од осум работни дена од датумот на потпишувањето да го раскинете договорот со писмен поднесок кој Ви го доставува агентот или пензиското друштво. Потпишаниот поднесок за раскинување на договорот за членство можете лично да го доставите до пензиското друштво, преку друго лице или по пошта со препорачана пратка.

## КАКО МОЖЕ ДА СЕ ПРЕМИНЕ ВО ДРУГ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД?

Доколку сакате да преминете во друг задолжителен пензиски фонд треба да потпишете времен договор за членство со друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд и при тоа да платите надомест доколку во постојниот пензиски фонд членувате пократко од 24 месеци. Во спротивно, преминот во друг задолжителен пензиски фонд е бесплатен.

***Новости***

Од ноември 2012 до март 2013 година беше спроведено истражување на јавното мислење за реформираниот пензиски систем во Република Македонија. Истражувањето го вршеше Институтот за политички истражувања – Скопје (ИПИС) во соработка со Министерството за труд и социјална политика и МАПАС.

Целта на истражувањето е да се подигне јавната свест и да се подобри информираноста за пензискиот систем и за правата и обврските на членовите на вториот и третиот столб, од една страна, како и да се обезбедат информации за институциите во рамки на пензискиот систем на Република Македонија за преземање дополнителни активности во насока на подобрување на нивното работење и излегување во пресрет на интересите на членовите, од друга страна.

***Најчесто поставувани прашања***

**Кој се грижи за правата на членовите и ги штити нивните интереси?**

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) е основана со закон заради заштита на интересите на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови, поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување и зајакнување на јавната свест за новиот пензиски систем. МАПАС врши супервизија над работењето на пензиските друштва кои управуваат со пензиските фондови во кои членувате пленвоите.

До МАПАС можете да се доставуваат предлози, поплаки или пофалби во врска со остварувањето на правата на членовите.

Имате прашања? Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.gov.mk.

Registered ISO 9001:2008 UKAS MANAGEMENT SYSTEMS 127

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)**
Ленинградска 100, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452

www.mapas.gov.mk